# Политика за приватност

Со Политикатата на приватност, ќе ви појасниме каде и како се чуваат личните податоци на сите регистрирани купувачи на нашата интернет страна. Оваа политика на приватност се однесува само за www.neptun.mk и поддомените. Доколку е присутен линк кој ќе Ве поврзе со други страни, ние не превземаме никаква одговорност во однос на заштитата на личните податоци која ја обезбедуваат тие интернет страни.

Секој корисник при регистрација и купување, изјавува дека е запознаен и се согласува со нашата Политика на приватност.

## Кои Информации ги собираме?

За време на посетата на интернет страната , Вашата приватност целосно се почитува. При посетата на интернет страната https://www.neptun.mk/ и останатите страни поврзани со оваа, ние ги обработуваме Вашите лични податоци, само доколку доброворлно ги дадете преку регистрирање, доколку аплицирате за работна позиција или доколку аплицирате за Нептун haPPy кредит.
Доколку се регистрирате, сите лични податоци кои ќе ги внесете преку формата за регистрација, ќе се користат за потребите за достава на производот, реализација на плаќањето, како и за рекламирање на производи и услуги обезбедени од наша страна, доколку ја имате избрано оваа опција, а се чуваат согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци и не се отстапуваат на трети страни.
Од информациите кои ни се потребни при регистрацијата и/или при нарачка ги издвојуваме:

- Име и презиме
- e-mail адреса
- Адреса за испорака на нарачката и
- телефон за контакт.

**Компанијата може да собира и обработува лични податоци за следниве цели:**

- Известувања за интервјуа за вработување
- Вработување или практична работа
- Анкета за задоволство на клиентите
- За доставување на фактура или профактура
- За да Ве контактираме: Да Ве контактираме по е-пошта, телефонски повици, СМС пораки или други еквивалентни форми на електронска комуникација за да Ве известиме за некој заостанат долг
- За следење и реализација на нарачка
- За да Ви доставиме новости поврзани со Нептун
- За да ви доставуваме новости поврзани со клубот за лојалност на Нептун
- За комуникација со надлежни државни институции (пример Министерство за внатрешни работи или надлежни инспекциски установи)

- За споделување на информации со осигурителни друштва
- За реализација на haPPy кредит
- За о с и г у р у в а ње н а мобилна и т е х н и чка опрема

**Категории на лични податоци што ги обработуваме:**

- **Пријави за вработување:** име, презиме, датум на раѓање, место на раѓање, адреса на живеење, државјанство, пол, ЕМБГ, степен и вид на образование, работно искуство, емаил адреса, телефонски број за контакт
- **Вработување:** име и презиме, датум на раѓање, ЕМБГ, место на раѓање, адреса на живење, државјанство, пол, степен и вид на образование, националност, трансакциска сметка, емаил адреса, телефонски број за контакт
- **Вршење на достава на нарачан продукт:** име, презиме, телефон, е-адреса, место, поштенски код, земја, промотивен код, забелешка за нарачката
- **Вршење на достава на Нептун haPPy картичка за лојалност:** име, презиме, телефон, е-адреса, место, поштенски код, адреса

**Категории на корисници на податоци или примачи на кои можеме да им ги доставиме личните податоци:**

- Друштво за осигурување
- Друштво за осигурување кое врши осигурување на продукт
- Банки
- Управа за јавни приходи
- Царинска управа на Република Северна Македонија
- Министерство за внатрешни работи
- Надлежни инспекциски установи
- Судови
- Нотари и извршители
- Адвокати
- И останати овластени државни установи

**Компанијата може да ги открие Вашите лични податоци доколку таквата акција е неопходна за:**

Усогласување со некоја законска норма

Спречување или истражување на можни грешки при давањето на услугите од страна на компанијата

Заштита на личната безбедност на корисниците на услугата или на јавноста

**Обработувачи кои можат да имаат пристап до личните податоци:**

- Агенции за наплата на побарување, со цел вршење на услуги за наплата на побарувања
- Осигурителни друштва
- Банки
- Адвокати
- Маркетинг агенции, со цел вршење на активности со цел реализација на маркетинг активности и известувања на корисници
- Надворешни изведувачи на ИТ услуги, со цел вршење на услуги за одржување на системите, администрација и развој на системи и апликации

- Сметководители, со цел извршување на активности од областа на сметководството
- Надворешни даватели на услуги поврзани со архивирање на податоци
- Коммпании кои вршат достава на продукти
- Сервис кој врши сервисирање на продуктите на Нептун

Податоците кои ги собираме и се чуваат кај нас, нема да се објавуваат, продаваат или доставуваат на трета страна освен на надлежните органи на начин определен со законските прописи на Република Северна Македонија.

НЕПТУН го задржува правото да ги користи IP адресите и другите податоци на корисниците за откривање на нивниот идентитет во случај на спроведување на законот и законските постапки.

# Вашите права како субјекти на лични податоци:

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци чии лични податоци ги обработуваме, ги имате следниве права:

- Да се информирате од Нептун околу начинот на обработката на личните податоци вклучително дали личните податоци се користат согласно целта за која се дадени;
- Да побарате од Нептун да ги дополни, измени и/или ажурира ако Вашите лични податоци се нецелосни, неточни или неажурирани со поднесување на барање;
- Да побарате од Нептун да ја ограничи обработката на лични податоци со соодветно означување кои лични податоци ќе се чуваат
- Да побарате од Нептун да ги избрише Вашите лични податоци
- Да поднесете барање до Нептун со кое што ќе ја повлечете согласноста дадена за цели на обработка на личните податоци
- Да поднесете приговор за начинот на обработката на Вашите лични податоци

Овие права може да ги остварите преку информациите и документите кои се достапни на следниот линк https://www.neptun.mk/Content/downloads/Zashtita-na-licni-podatoci.pdf

. Со исклучок на податоците од финансиска природа, сите информации кои ги собираме од веб страната се исклучиво за наша употреба (релација со корисници, следење на нарачка итн.) и истите не се предаваат на други лица за било каков основ. Не собираме никакви информации од финансиска природа, како број на картичка и сл. Податоците околу кредитната картичка и банкарската сметка ќе бидат чувани и користени исклучиво од страна на НЛБ Тутунска банка со цел наплата на продуктите/нарачките преку извршување на трансакција. Трансакцијата при наплаќање на производот е пренасочена и се процесира преку порталот за наплата од кредитни картички на НЛБ Тутунска Банка. Порталот користи современа заштита на податоците и сите процеси се одвиваат преку сигурна конекција со банката.

Малолетни лица не смеат да даваат лични податоци без одобрение од нивните родители или старатели и се обврзуваме дека нема намерно да собираме или користиме податоци од малолетни лица. Ги превземаме сите заштитни мерки за заштита на личните податоци на купувачите со цел да се минимизира ризикот од неовластен пристап и злоупотреба на истите.

Нептун Ве информира дека овој сајт користи текстуални датотеки наречени "cookies". Без нив сајтот нема да функционира правилно и многу од опциите нема да можете да ги видите. „Колачињата“ се мали текстуални датотеки кои се запишуваат во вашиот компјутер или мобилен уред при посета на некоја веб страна. Колачињата чуваат информации за вашите поставки во веб прелистувачот, како на пример: јазик, големина на фонт како и самиот факт дека веќе сте посетиле одредени страници. На тој начин при повторна посета на истата страница не мора повторно да ги поставувате. Некои од колачињата се неопходни за функционирање на страниците, а некои служат и за собирање статистички податоци.

Со помош на ваквите фајлови се следи движењето на посетителите на страната по неа, и на тој начин се собираат податоци како да се оптимизира и унапреди функционалноста на страната. Овие фајлови не се поврзуваат со ваши лични податоци.

Сите информации кои се запишуваат во колачињата, NEPTUN ќе ги користи исклучиво за потребите на web услугата или за статистички потреби и тоа на начин на кој вашата приватност нема да биде загрозена. Доколку вашите лични податоци треба да бидат запишани во колачињата, тоа ќе биде со ваша претходна согласност. Повеќе информации за тоа што се "cookies" и какви типови има можете да најдете овде

# Контакт

Доколку сакате Вашите податоци да бидат корегирани или избришани или доколку имате какви било прашања или предлози од областа на заштитата на личните податоци, можете да нè контактирате на следната електронска адреса: (да се стави адреса од офицерот за заштита на личните податоци)

Напоменуваме дека електронската адреса од која што ќе не контактирате и останатите лични податоци, како и содржината на Вашите барања или предлози, нема да бидат искористени за ниту една друга цел освен за да Ви одговориме на Вашето барање, прашање или предлог упатен до нас.